**м-р Андон Дамовски**
Служба за самостојно живеење со поддршка во заедницата - Скопје
Service for independent living with support in the community – Skopje

# СЕРВИСИ ЗА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ВИЗИЈА И РЕАЛНОСТ

# SERVICES FOR PEOPLE WITH INTELLECTUAL DISABILITIES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA: VISION AND REALITY

UDK:364.622-7-056.34(497.7)

**Апстракт**

Системот на социјална заштита на инвалидизираните лица во Република Македонија до нејзиното осамостојување генерално се спроведуваше преку медицински модел и развиен систем на институционална заштита. Непосредно со реформите во системот на социјална заштита во Република Македонија (по утврдувањето на независноста), се развива и унапредува системот на социјална заштита на инвалидизираните лица во нивното место на живеење. Процесот на реформи во полето на социјалната заштита се воведува во 2003 година, со донесување на одредени мерки, а дел од политиките за социјална заштита се утврдуваат  во 2004 година како резултат на законските иницијативи.

Со новите законските иницијативи и акти се создаваат радикални промени во доменот на социјална сфера преку воведување на нови решенија. Социјалните реформи се засноваат на три нови принципи во социјалната заштита (децентрализација, социјално вклучување и плурална социјална заштита ), со цел зајакнување и

прилагодување на македонскиот систем кон европските и меѓународните стандарди .

Приближувајќи се кон еврпските и меѓународните концепти Министерство за труд и социјална политика, во своите политики и стратегии започна со процесот на трансформација на јавните услуги на социјална заштита на лицата со пречки во интелектуалниот развој преку процесите на децентрализација, деинституционализација, приватизација како и спроведување заеднички проекти со невладини организации кои работат во доменот на социјалната заштита.

Во овој труд ќе се анализираат активните локалните политики за лицата со интелектуална попреченост, како и можностите и капацитетите на локалната самоуправа за отворање на сервиси за овие лица во заедницата, земајќи ги предвид горепосочените принципи во социјалната заштита.

**Клучни зборови:** социјални сервиси, социјална заштита, социјална политика, лица со пречки во интелектуалниот развој.

## Abstract:

The system of social protection of disabled people in the country to its independence generally was conducted by a medical model and developed a system of institutional care. The reforms in the social protection system in the country (after establishing independence), develops and promotes the social protection of disabled people in their place of residence. The process of reforms in the field of social protection was developed in 2003 and the adoption of certain measures and the social protection policies are established in 2004 as a result of legislative initiatives.

The new legislative initiatives and regulations created radical changes in the field of social sector by introducing new solutions. Social reforms are based on three new principles of social protection

(decentralization, social inclusion and social protection plural), in order to strengthen and adjust the Macedonian system to European and international standards.

Approaching european and international conceptions Ministry of Labor and Social Policy, in its policies and strategies embarked on a process of transformation of public services, social protection of people with intellectual disabilities through the processes of decentralization, disinstitutionalisation, privatization and implementation of joint projects NGOs working in the field of social protection.

In this paper will be analyzed the active local policies for people with intellectual disabilities, as well as the capabilities and capacity of local government to open these services to people in the community, taking into account the above mentioned principles in social care.

**Key words**: social services, social welfare, social policy, people with intellectual disabilities.

**Вовед**

Трудот кој е пред нас има за цел да ги анализира активните локални политики кои се спроведуваат во локалните заедници за лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија. Според голем број автори локалната заедница претставува збир од луѓе кои се жители на определено место, меѓу кои се издвојуваат поединци и групи кои од социјален аспект се карактеризираат со посебни обележја.

Се разбира, дека во секоја средина може да се идентификуваат некои специфични групи. Тоа, пред сѐ, зависи од повеќе фактори како: културни обележја, економска состојба на населението и слично. Токму таа разновидност на групите кои се јавуваат во определена заедница ја отсликуваат целокупната социоекономска состојба во тоа микроопштество (сиромашно население или население со повисок животен стандард). За разлика од нив во

локалната заедница има и групи кои ќе постојат секогаш како на пример: деца, стари лица и лица со посебни потреби. Светското движење за човекови прави на лицата со инвалидност е старо неколку децении и пропагира дезинституционализација на системот на заштита на инвалидните лица и ја нагласува потребата од постоење на различни сервиси на ниво на локална заедница. За да се развива овој процес заедницата е должна на сите свои членови да им обезбеди еднакви услови и можности за остварување на своите права (Доневска, 2006).

Правото на лицата со инвалидност да живеат самостојно, со еднакви можности за избор како и другите луѓе е зацртано во членот 19 од Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со инвалидност. Ова право претставува основа за изедначување на можностите на лицата со инвалидност , бидејќи истото е темел за еднаквост во сите сфери на животот. Од друга страна, создавањето на вистински услови за квалитетно живеење кај лицата со интелектуална попреченост е комплексен процес што бара акција на сите политички нивоа – меѓународно, европско, регионално, национално и локално, како и вклучување на сите засегнати страни : организации кои работат на давање на поддршка на лицата со инвалидност, локални власти, национални влади и европски креатори на социјални политики.

Организацијата на менталното здравје, ориентирано кон заедницата, меѓу другото подразбира развивање на мрежа на вонинституционални, т.е. установи во заедницата со кои сѐ повеќе им се приближуваат на корисниците давајќи им ги своите услуги што поблиску до нивната животна средина. Тоа не преставува само начин за да се спречи исклучувањето од општеството што неминовно се случува во установите туку е пристап кој е многукратно пополезен, како за лицата така и за заедницата во целост. Јасно е дека ваквиот пристап овозможува многу поадекватен третман, заснован врз вистинските потреби на луѓето во заедницата. Полезноста за општеството, пак не е само во фактот што ваквиот третман е поекономичен од класичниот (институционален ) туку и во

зголемување на општествена продуктивност  кај лицата со посебни потреби.

Ваквиот приод е базиран токму на принципите на нормализација и на инклуизија, односно претставува формирање на сервиси за поддршка на лицата со интелектуална попреченост во заедницата. Од друга страна, поддршката и сервисите се два различни, но поврзани концепти кои може да се толкуваат на различни начини.  Така, поддршката ги прави луѓето поспособни, а притоа се избира лице и/или неговото/нејзиното семејство.  Таа поддршка се нуди на начин кој одговара на потребите или на конкретна потреба. За разлика од поддршката, сервисите како и луѓето се адаптираат кога ќе бидат предизвикани на адаптацијата. Тие треба да одговорат на опкружувањето и на барањата на лицето со посебни потреби , неговото/нејзиното семејство и заедницата , како што се волонтерските или невладините организации.  Поспецифично, сервисите треба да обезбедат услови за лицата со што  ги зајакнуваат и ги поддржуваат способностите на личноста, им овозможуваат на лицата да стекнат контрола, обезбедуваат средства кои ќе му овозможат на лицето да го изгради својот сопствен животен стил .

Социјалната политика во Република Македонија почнувајќи од изминатата деценија ја карактеризира постојан тренд на промени кои пред сè се случуваат како резултат на  изменетата општествена и демографска структура, низок економски раст и капацитети  како и зголемена побарувачка на услуги од доменот на социјалната заштита (Геровска, 2008). Од тие причини беа донесени голем број измени како во законската легислатива  така и во начините на финансирање, администрирање и нудење на услуги во социјалната политика. Така, беа донесени радикални промени со усвојување на повеќе принципи за социјална заштита во рамки на функционирањето на плановите за јавна социјална заштита. Социјалната реформа се заснова на три нови принципи за социјална заштита со што се прилагодува македонскиот систем кон европските и меѓународните принципи.  За таа цел овој текст ќе направи посебен осврт на измените во споменатите политики за лицата со интелектуална попреченост  како и

можностите за отворање на сервиси за овие лица во заедницата преку анализа на принципите на децентрализација, плурализација, социјално вклучување и деинституционализација.

## Социјални реформи во систем на социјална заштита

Социјалната заштита е организирана дејност од страна на државата заради спречување и ублажување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓанинот, семејството и групите население во текот на животот што се корисници на социјална заштита. Системот на социјална заштита во Република Македонија е граден во изминатите години и е во процес на постојано доградување. Овој систем сега се наоѓа во фаза кога се неопходни натамошни унапредувања и реформи со кои ќе се подигне неговата ефикасност и ќе се обезбеди стабилно функционирање на долг рок заради успешно задоволување на граѓаните кои имаат потреба од социјална заштита и социјална сигурност (Пејковски, 2008). По осамостојувањето, Република Македонија наследи систем на социјална заштита заснован на голема централизација, доминантна улога на државата како обезбедувач на заштитата и незначително учество на невладиниот, приватниот и верскиот сектор во активностите од областа на социјалната заштита. Во рамките на тој систем, социјалната заштита во најголема мера се остваруваше преку паричните трансфери и бенефициите за граѓаните изложени на социјален ризик.

За потсетување, по прогласувањето на независноста на Република Македонија, политиката на социјална заштита помина низ неколку различни развојни фази, како ***фаза на основање*** кога невработеноста, сиромаштијата и неизградениот пазар бараа оформување на систем и вклучување на социјалниот аспект во инструментите на политиките за борба против сиромаштијата и обезбедување целосна покриеност на социјалните права во фаза кога нивото на надоместоци се изменија и тоа доведе до донесување на нов Закон за социјална заштита со кој се утврди општиот и

категоризиран план за минимални примања за сиромашните лица без доволно средства за пристоен живот. Оваа реформа ги доближи националните ставови за социјална заштита поблиску до Европската концепција за минимални примања. Последната фаза која е наречена ***фаза на реформи***, започна во 2003 година со донесување на определени мерки на политиките на сигурност за заштита на социјално загрозеното население, промени во политиките на планирање и управување како и донесување на повеќето принципи за социјална заштита во рамки на функционирањето на плановите за јавна социјална заштита.

Основните принципи за социјална заштита кои беа применети имаа за цел да го зајакнат приспособувањето на македонскиот систем кон европските и меѓународните принципи преку принципите на децентрализација, принципите на инклузија и плурализам на социјалната заштита поврзан со обезбедување различни врски за социјална заштита помегу носителите на овие активности, како и принципот на деинституционализација. Целта беше со реформи на социјалната заштита да се модернизира системот и политиките во оваа област.

***Принцип на децентрализација-*** Децентрализацијата, начелно претставува систем на односи меѓу централните и локалните органи во кои локалните органи имаат определена самостојност. Границите на оваа самостојност , по правило, ги определува Законот, но понекогаш тоа може да биде и самиот устав .(Силјановска-Давкова, Митков, 2004). Како поим, всушност, означува пренесување на определени функции од централните на локалните органи, без оглед на тоа што локалните органи можат да бидат и избрани претставнички тела. Децентрализираното обезбедување на социјални услуги е примарна карактеристика на федералните држави во Европа каде локалното ниво е главен обезбедувач на образовните, здравствените и социјалните услуги. Децентрализацијата пак на социјалните трансфери е поосетлива проблематика која може да носи поголеми ризици.

Поаѓајќи од тоа дека основна цел на социјалната заштита е преземање на мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на ранливите групи преку воспоставање на достапни услуги во заедницата, во 2004 година отпочна процесот на децентрализација во оваа област. Законот за социјалната заштита ги определува надлежностите на единиците на локалната самоуправа во однос на обезбедувањето на грижа за ранливите групи во заедницата. Притоа, општините се јавуваат како носители на социјалната заштита и тоа во вршење на ефективно пренесените надлежности, но и во однос на дадените можности за остварување на правата и развој на социјалните услуги на локално ниво. Од тие причини,на општините им беше дадена можност и одговорност да ги развиваат социјалните функции на локално ниво, односно да креираат програми за задоволување на потребите на групите од социјален ризик. Законот предвидуваше можност, општините да развиваат вонинституционални облици на заштита преку основање и организирање центри за дневно и привремено згрижување граѓани во зависност од нивните потреби, како и да организираат и да спроведуваат социјална заштита за граѓаните од своето подрачје преку донесување сопствени развојни програми, согласно со специфичните потреби. Имплементацијата на процесот за децентрализација наметна предизвици на единиците на локалната самоуправа кои, пред сè, произлегуваат од неусогласеноста помеѓу големината на општината, опфатот на надлежностите, финансиските, кадровските и другите капацитети за планирање и имплементација на надлежностите, како и огромните разлики од аспект на развиеноста меѓу урбаниот и руралниот дел во рамките на една општина.

Поттикнувањето на мултисекторската соработка е еден од неопходните предуслови преку кои може да се интензивира процесот на децентрализација. Истражувањата покажуваат дека во најголем дел од општините отсуствува мултисекторскиот пристап, во однос на социјалната превенција помеѓу релевантните актери, општините, центрите за социјална работа, предучилишните, училишните, здравствените установи и други државни тела, правни и физички лица и здруженија на граѓани. Соработка помеѓу општините,

Центарот за социјална работа и граѓанскиот сектор се проценува како несоодветна. Иако постојат голем број регистрирани граѓански здруженија загрижува фактот дека се активни мал број од нив. Најчесто граѓанскиот сектор партиципира во донесување акциски планови и поднесување проекти, но недоволно партиципира во мониторинг и еволуирање на активностите. Исто така, некои од најголемите недостатоци кои се идентификувани при постапување на институциите на локално ниво се поврзани со релативно слабо развиена/и: институционални механизми, механизми за идентификување и вклучување на сиромашните и ранливите групи, сензитивност за потреба од стратешко планирање во доменот на социјалната заштита, капацитети за примена на пошироки мерки за помош и поддршка на ранливите категории население, сензитивност на стручниот кадар, како и сензитивност на стручните лица за работа со ранливите групи ***(МТСП, 2012).***

***Принцип на инклузија и плурализам во систем на социјална заштита***- Плурализација во давањето услуги од социјална заштита означува дека покрај државата која е основен носител на социјалната заштита, во социјалната заштита можат да се вклучат и други носители како приватни правни лица, физички лица и здруженија на граѓани, односно невладиниот сектор.Вклучувањето на овие носители во давањето на услуги од социјална заштита значи : развој на вонистутиционалните облици на социјалната заштита - односно проширување на видот на услугите;подобра социјална заштита за сите категории на социјално исклучени лица, особено за оние за кои државата не успеала да обезбеди соодветна заштита;поголема достапност до сите социјално загрозени поединци, семејства и групи на население;приближување на социјалните услуги до граѓаните и вклучување на семејната и граѓанската поддршка во социјалната заштита како и воведување на конкурентност и подобрување на квалитетот на услугите. (Костов, 2010). Сето тоа означува промена од традиционалниот пасивен во активен пристап на инклузивна социјална заштита.

Така, според Заедничкиот извештај за социјална вклученост од 2004, Европската унија резимира дека „*социјалната вклученост е процес кој обезбедува дека оние кои се во ризик од сиромаштија и социјална исклученост имаат можности и ресурси за целосно вклучување во економскиот, социјалниот и културниот живот и да уживаат стандард на живеење и благосостојба која се смета за нормална во општеството во кое живеат*“. Така, предвидените цели на политиките за социјална инклузија во Република Македонија се однесуваат на : интегрирање на целокупен, стабилен и долгорочен систем на социјална заштита , унапредување на квалитетна социјална заштита и помагање на социјално ранливите категории, социјално и функционално вклучување во заедницата преку демаргинализација и дестигматизација на ранливите категории во општеството како и активно учество во креирање на законодавства и промени кои се однесуваат на популацијата –социјално исклучени лица ( Дамовски, 2014).

***Принцип на деинституционализација -*** Деинституционализацијата за разлика од останатите реформи во социјалната заштита можеби е прифатена со најголем консензус или пак бројот на предизвици со кои истата се соочува е најмал споредбено со другите реформски зафати. Министерството за труд и социјална политика презеде активности за процесот на деинституционализација и во таа насока беше донесен Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на УНИЦЕФ и Светската здравствена организација (СЗО) , според која нема да има прием на нови корисници во установите од социјална заштита. Се нагласи потребата од развивање на мрежа на згрижувачки семејства и развивање на форми на дневно згрижување во локалните заедници со цел превенирање од институционална згрижување на лицата.

Тргнувајќи од овие принципи, Министерството за труд и социјална политика во 2007 година ја подготви *Стратегијата за деинституционализација во системот на социјална заштита (2008-2018)* . Основна цел на оваа Стратегија е подигање на квалитетот на услугите од социјална заштита и создавање на услови за

приближување на услугите до корисниците на локално ниво. Процесот на деинституционализација подразбира активности за подготвување на корисниците сместени во установи за нивно враќање во биолошките семејства, или сместување во некоја од формите на вонинституционална заштита на локално ниво (згрижувачко семејство, дом семејство или мал групен дом). Преку развој на овие форми на заштита на локално ниво ќе се намали бројот на корисници сместени во установи, од една страна, и ќе се превенира потребата од нови сместувања во установи, од друга страна.Стратегијата ја наметнува потребата од проценка на улогите и одговорностите на централните и локалните структури и го промовира и зајакнува партнерството помеѓу државата, локалните власти, граѓанскиот и приватниот сектор во обезбедувањето на услуги од областа на социјалната заштита. Нејзина цел е да се презентира ситуацијата на социјалните потреби и да се промовираат форми на заштита кои нудат висок квалитет на услуги достапни за граѓаните во местото на живеење преку кои ќе се олесни интеграцијата на одредени групи на корисници.

## Активни (локални) политики и сервиси за лицата со интелектуална попреченост

Меѓународните документи укажуваат дека правото на лицата со инвалидност да живеат самостојно, со еднакви можности за избор како и другите луѓе е зацртано во членот 19 од Конвенцијата на Обединетите нации за правата  на лицата со инвалидност.  Ова право претставува основа за изедначување на можностите на лицата со инвалидност , бидејќи истото е темел за еднаквост во сите сфери на животот. Организацијата на Обединетите нации, односно нејзините специјализирани организации (УНИЦЕФ, Светската здравствена организација ) и други меѓународни организации ( Совет на Европа, Европска унија) во изминатиот период иницираа и прифатија широк дијапазон на меѓународни инструменти со цел да бидат промовирани правата на лицата со попреченост, а со тоа да создадат еднакви можности за нивна потполна интеграција во општеството. Овие права

се вклучени во сите меѓународни инструменти и се заштитени преку принципите на еднаквост и без дискриминација (Тафчиевска, 2009). Стратегијата ЕУ 2020 фокусирана е на три меѓусебно поврзани приоритети и тоа : ***паметен раст*** (развој на економијата заснован на знаење и иновации); ***оддржлив развој*** (кој ја поттикнува конкурентноста и производството) и ***инклузивен раст*** (кој се фокусира на подобар пристап на пазарот на труд, борба против сиромаштијата и социјалната кохезија). За да се исполнат овие цели Европската унија покрена низа иницијативи и насоки од кои позначајните се однесуваат на унапредување на квалитетот на живот на лицата со инвалидност. Од посебно значење во контекст на лицата со инвалидност е пристапот до одредени услуги како што се здравствените и социјалните услуги, елиминирање на физичките бариери , финансирање преку локални фондови, подигање на свеста на сите чинители во општеството за дискриминацијата кај маргинализираните групи посебно кај лицата со интелектуална попреченост.

Во последно време заштитата на лицата со посебни потреби ја нагласува потребата од постоење на различни сервиси на ниво на локалната заедница. Развојот на социјалните сервиси базирани во заедницата како алтернативна форма на институционална грижа на лицата иако започна во педесеттите години од минатиот век, својата примена ја доживеа во доцните 60-ти и раните 70-ти години од минатиот век каде политичката цел на деинституционализацијата е целосно насочена кон извлекување на лицата од институциите во сервисите базирани во заедница. Во САД, Скандинавија, Англија и Австралија оваа политичка цел претставуваше најважната промена во политиката и пример за обезбедување на услуги за маргинализираните групи во општеството. Генерално, примерот за промена во сервис-моделите во споменатите земји е постојан. Во раните обиди за замена институциите водат прво кон релативно големи резидинијални домови како преодни програми за заштита во САД или програми за домување во Шведска. Така сервисите за лицата со попреченост може да се дефинираат како „*мрежа на заштита и одговорност на лицата насочени кон помош на*

*вулнерабилна популација, кои им помагаат во задоволувањето на нивните потреби и развој на нивните потенцијали без непотребна изолација или исклучување од заедницата* (Anthony, W.A.,1993)“. Овој концепт ги идентификува есенцијалните компоненти во заедницата потребни за обезбедување на сервиси и поддршка за оваа категорија граѓани. Системот на заштитата-поддршка, од страна на заедницата, е координирана мрежа од поединци, обезбедени и организирани услуги на регионално ниво, каде што лицата би заземале место кое што ќе им овозможи многу различни видови на системи за поддршка.

Основните организации кои даваат сервиси за лицата со интелектуална попреченост во заедницата треба да одговараат на потребите на корисниците на сервисите кои тие ги обезбедуваат. Тоа значи дека тие треба да обезбедат соодветен простор, соодветен персонал, да бидат достапни и да обезбедуваат квалитетни услуги и тренинзи за ресоцијализација и инклузија на корисниците во општеството. Најчесто поставувани прашања притоа се: каков вид на услуги им се најпотребни, во кој временски период, колку долго, како да се обезбеди соодветен квалитет и достапност на сервисите,простор за сервисите, видот и професионалноста на персоналот, каков вид на тренинзи и место каде тренинзите ќе се реализираат, каков буџет е потребен за функционирање на овие сервиси итн. Одговорот на овие прашања не е едноставен и многу зависи од специфичностите на земјата или регионот каде што се воспоставуваат сервисите, како што се: културните особености, економските можности и потенцијали, просторните можности, специфичностите и обученоста на персоналот, можностите за тренинг во земјата. Треба постојано да се има предвид дека во разни земји и региони сервисите имаат свои специфичности. Секако дека позитивните светски, а пред сè регионални искуства треба да се почитуваат и од нив да се искористи сè, па дури и негативните искуства, но при формирање на сопствените сервиси примарни треба да бидат локалните потреби. Токму затоа потребно е во обуката на луѓето кои се таканаречени социјални сили во кои влегува локалната заедница да се стави посебен акцент на учење вештини за работа со

локалното население, но за да се развива овој процес заедницата е должна на сите свои членови да им обезбеди еднакви услови и можности за остварување на своите права (Kubai, 1998).

Процесот на реформи во Република Македонија создаде радикални промени во доменот на социјалната сфера преку воведување на нови иновативни решенија преку воведување на нови принципи во социјалната заштита. Воведувањето на новите принципи овозможува делегирање на надлежности на локалните власти во спроведување на локални политики за лицата со инвалидност во местото на нивното живеење. Целта на овие политики претставува обезбедување на поголемо учество во процесот на донесување одлуки на најранливите и на маргинализираните групи во општеството, со што ќе им се дозволи да го подобрат севкупниот животен стандард и благосостојба. Таа треба да биде коректив на услугите што се нудат на национално и на локално ниво, во насока на нивно обезбедување под еднакви услови за сите групи во општеството. За таа цел потребно е мобилизирање на сите актери на национално ниво, а особено на локално, за да се обезбеди политиката на социјална вклученост која треба да биде развоен императив за сите граѓани, почнувајќи од единиците на локалната самоуправа, граѓанските организации, физичките и правните лица и слично. Новиот систем претставува формирање на актернативни сервисни служби за поддршка на лицата со интелектуална попреченост на локално ниво. Една фундаментална причина за реализацијата на новиот ситем е формирање на сервиси кои ќе бидат достапни и расположливи на вулнерабилната популација. На тој начин кај лицата со попреченост ќе се поттикнува самостојноста, ќе се олеснува активното учество во заедницата како и ќе се овоможи целосна интеграција и личен развој, вклучувајќи го културниот и духовниот развој.

Поддршката и сервисите се два различни, но поврзани концепти кои можат да се определат на следниот начин:

*Поддршката* ги прави луѓето поспособни, а притоа се избира лице и/или неговото семејство, додека *сервисите* ги зајакнуваат и ги

поддржуваат способностите на личноста, овозможуваат лицата да стекнат контрола и да го изградат својот сопствен животен стил. Во рамките на реформските процеси започнато е креирање на алтернативни сервисни служби во местото на живеење каде лицата со интелектуална попреченост би можеле да бидат прифатени од страна на населението. Поголемиот дел на активни сервисни служби кои се нудат во локалните заедници се однесуваат на:

***а) Советувалишта –*** Советувањето претставува форма која опфаќа помош при воочување на проблемите кои произлегуваат од состојбата на социјален ризик. Советувалиштата за лица со интелектуална попреченост по својата природа претставуваат сервиси за едукативно-советодавна работа на семејствата и другите членови на семејството, како и за можните решенија, форми на згрижување и средства на заштита. Најчесто советувалиштата функцинираат во рамки на самите Центри за социјална работа или од страна на невладинот сектор и здруженијата на граѓани кои даваат услуги од областа на социјалната заштита. Во 2010 година во Република Македонија беше отворен Ресурсен центар за родители на деца со посебни потреби кој беше иницирaн, формиран и воден од родители на деца со посебни потреби, а замислен како национален родителски сервис кој ќе служи на други родители и нивните деца со посебни потреби кои имаат потреба од некаква поддршка во нивните лични борби. Ресурсниот центар на родители, е замислен да биде првата референтна точка за родители на деца со посебни потреби, кои ќе нуди основни совети и обуки околу секојдневното функционирање на детето и семејството. Ресурсниот центар претставува служба која служи на децата со посебни потреби и нивните семејства преку обезбедување на поддршка , помош, пристап со информации, обезбедување на нивните права и успешна социјална инклузија.

***б) Сместување во згрижувачко семејство-*** Системот на згрижување во друго семејство во земјава беше воспоставен во шеесеттите години, како дел од системот за социјална заштита. Згрижувањето на лицата изложени на социјален ризик е тема која, со поддршка на УНИЦЕФ, е предмет на интензивна промоција,

паралелно со процесот на деинституционализација од деведесеттите години од минатиот век. Во тој период беа воведени нови услуги за грижа во заедницата и истовремено беа зајакнати постоечките услуги на грижа во семејства, како што е сместувањето во друго семејство.

Згрижувањето значи прифаќање на туѓо лице, негово вклопување со цел згрижувачите за него да се грижат како за сопствен член во нивното семејство. Од друга страна, како згрижувач може да се појави секое полнолетно, работноспособно лице кое поседува определени морални и други способности, а на кое не му е одземено родителството право. Предноста на овој сервис е во воспоставување на природна поврзаност помеѓу згрижувачите и лицето со интелектуална попреченост, воспоставување на врски помеѓу членовите кои имаат посебен квалитет што го нема во останатите групи, како и создавање на средина која овозможува максимални услови лицето да ги задоволи своите потреби. Згрижувачкото семејство како сервис обезбедува сместување и згрижување на лицата, нега, општа и лична хигиена, исхрана, неопходна облека и обувки, грижа за здравјето, овозможување на редовни контакти со родителот, односно други блиски сродници, задоволување на етичките, културните и верските обичаи на сместеното лице и се грижи за неговиот правилен развој, образование и воспитание, а за тоа има право на надоместок на трошоците за сместување на лицето и надоместок за згрижување.

Во Република Македонија моделот на згрижувачки семејства е во функција и најчесто Центрите за социјална работа раководат со процедурите за сместување на деца или лице со интелектуална попреченост. Лицата со интелектуална попреченост над 26- годишна возраст многу ретко имаат можност да бидат сместени во згрижувачко семејство, и доколку останат без родителска грижа најчесто се сместуваат во резидијални институции. Според податоците на Заводот за социјални дејности во згрижувачки семејства опфатени се 111 деца со интелектуална попреченост. Од друга страна, лицата со интелектуална попреченост сè уште немаат можност да користат услуга на личен асистент. Секојдневната грижа и потреба од придружба овие лица ја добиваат од членови на нивните

семејства. Исто така, мора да се истакне дека згрижувачите, односно семејствата за оваа форма сè уште се одлучуваат поради разрешување на економските проблеми во кои се нашле, што од своја страна значи дека за разлика од некои други западни земји сè уште доминира не алтруизмот туку економскиот мотив за згрижување на други лица.

***в) Дневни центри за лица со интелектуална попреченост-*** Центарот за дневно згрижување е служба на заедницата. Ова значи дека : центарот е тука да го задржи лицето во заедницата, а во исто време и заедницата треба да биде вклучена во животот на дневниот центар. Овие два аспекти се меѓусебно поврзани затоа што не е доволно лицето со интелектуална попреченост да живее во семејството ако семејството е поставено на маргините на заедницата. Дневниот центар ја промовира социјалната интеграција на семејството преку вклучување на заедницата и семејството во животот на самиот центар за дневно згрижување. Центарот за дневно згрижување треба да биде лоциран во заедницата во непосредна средина во којашто лицата живеат. Треба да биде прифатен како служба за поддршка на грижата која што семејствата и нивната социјална мрежа ја обезбедуваат за лицата со попреченост и се карактеризира како место за секојдневно живеење, место за развој на индивидуалните способности и социјални вештини преку определени активности ориентирани кон заедницата.

Центрите за дневно згрижување имаат за цел на лицата со попреченост да им обезбедат згрижување и заштита , рехабилитација, социјализација и интеграција во општествената средина, а исто така да им помогнат на родителите на лицата со попреченост да можат да го организираат својот живот , колку е можно нормално да ги извршуваат секојдневните семејни и општествени обрвски. Предноста на дневните центри како сервиси во заедницата и како вонинституционална форма во однос на институционалното згрижување е повеќекратна: ***прво*** лицата со интелектуална попреченост остануваат во своите семејства и со тоа не се прекинуваат емотивните врски и односи со членовите на семејството, туку тие се негуваат и развиваат како битна компонента на емоционалната сигурност; ***второ*** вклучувањето во дневниот центар е

средство за помош на лицата за добар и отворен живот  со своите семејства во заедницата; ***трето*** дневниот центар треба да се сфати како отворен простор каде што не се даваат готови одговори, туку каде што можат да се најдат решенија заедно со корисниците,  во согласност со нивните потреби (Група на автори, 2008) .

Поаѓајќи од претпоставката дека дневниот центар е, пред сè, место за секојдневен живот и социјализација, а потоа и рехабилитационен центар, тогаш од примарно значење е тој да се отвори во центарот на градот  или  близу до социјалните служби во градот, за да може локалната заедница да земе учество во животот на дневниот центар и  да го помага интегрирањето на лицата. Дневните центри мора да одговорат на секојдневните потреби затоа потребно е да се одредат самите активности кои ќе се спроведуваат во рамки на престојот. Различните активности може да се однесуваат на: активности повзани со лицата во центарот или околината (активности за лична самостоност, грижа, мануелни активности, активности за социјална интеграција, слободни рекреативни активности); активности со родителите (обуки, советувања итн);  активности со локалната заедница (вклучување на различни субјекти кои всушност претставуваат социјални сили во локалната заедница).

Во рамки на Министерството за труд и социјална политика оформени се 25 дневни центри за опфаќање на деца со интелектуална попреченост до 18- годишна возраст, а во дел од нив опфатени се и лицата со интелектуална попреченост над 26-годишна возраст. Според официјалните податоци, овие дневни  центри секојдневно згрижуваат над 400 корисници. Од 2000 година Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА оформи 7 дневни центри за адосценти и возрасни лица со интелектуална попреченост од кои еден дел денес функционираат надвор од мрежата на ПОРАКА. Во однос на финансирањето на постојаните сервисни служби, дневните центри за деца со интелектуална попреченост кои се креирани и менаџирани од страна на Министерството за труд и социјална политика се целосно финансирани од страна на ресорното Министерство. Но сервисите за лицата со интелектуална попреченост кои ги обезбедува граѓанскиот

сектор најчесто се финансирани на база на проектни активности и тоа многу мал процент од страна на МТСП, одреден процент од локалната самоуправа и најголем дел од донатори.

***г) Мали групни домови и/или организирано живеење со поддршка-*** Новиот модел за поддржано домување се заснова на тоа дека поседување на дом во локалната заедница е добро за лица со интелектуална попреченост и дека стабилен дом е предуслов за ефикасен третман и психо-социјална рехабилитација. Кога концептот на услуги во домот ќе се прошири надвор од одредбите на третман во домот, ќе ја содржи основната потреба за засолниште и човечката потреба за дом и место во заедницата ќе се заклучи дека е потребен нов модел на услуги во домот. Во новиот пристап за поддржано домување постои прво и основно концепциска и реална промена надвор од ексклузивното потпирање врз условите за третман во домот како единствен облик на услуги, и нов акцент на развој на нормални услови за домување како сопствен дом на лицето. Од друга страна, поддржано домување не предвидува збирни или специјализирани услови. Напротив, развива употреба на типични видови на домување кои ги користат оние членови на заедницата без пречки во развојот. Кај моделот на поддржано домување, самата средина сè уште служи како средство/алатка во процесот на рехабилитација. Но наместо да се изложуваат клиентите на интензивен групен процес домувањето создава средина во која клиентите се изложени на типични услови и очекувања како во локалната средина, во која тие имаат: избор, а не подредување, нормални улоги на член во заедницата, социјална интеграција, учење на лице место (Robinson, 2005).

Живеење со поддршка е една од новите форми на социјална заштита во Република Македонија, која на возрасните лица со интелектуална попреченост им овозможува преместување од институциите во кои живеат и нивно прифаќање во заедницата со соодветна помош и поддршка од стручните служби. Целта на програмата за самостојно живеење е на лицата со пречки во интелектуалниот развој да им ја обезбеди потребната поддршка за самостоен живот, во согласност со нивните потреби, желби и

можности. Тоа подразбира подготовка за самостоен живот низ активно учество во конкретни животни ситуации. Лицата со интелектуална попреченост имаат право да бидат активни членови на заедницата, нивниот соживот со лицата без инвалидност им овозможува во целост да се развие нивниот потенцијал, особено на пријателство и блиски односи со животната средина, во кои дејствуваат толеранција и прифаќање на разликите во целото општество (Степаноска, 2012) .

Оваа форма на згрижување отвора низа ситуации во кои лесно се распознаваат вредностите и особеностите на поединецот како човечко суштество, давајќи му можност самостојно да избира, донесува одлуки и ја презема одговорноста за сè што му е важно во животот. Сите лица кои живеат заедно со поддршка од заедницата вклучени се во некои активности, кои се приспособени според материјалната ситуација, способностите и желбите на членовите. Основна цел на сите активности е членовите да се оспособат за самостоен живот, да ја изградат својата личност до највисок можен степен и да бидат задоволни со тоа што го постигнале. Исто така , во зависност од нивните желби може да напредуваат , да се вклучат во урбаните текови на животот и да да живеат исто како и сите други членови на заедницата. Вообичаените домашни обрвски ги извршуваат самостојно и секојдневно сами или со минимална помош кога им е таа непходна. Животот е организиран така што секое лице има време и за слободни активности и одмор, време кое го поминуваат онака како самите ќе го замислат.

Формално, структурата на Службата за самостојно живеење со поддршка во заедница се состои од 8 станбени заедници (куќи или станови), кои се дисперзирани на територијата на градот каде функционира службата и ги користи расположливите ресурси на истата. Секоја станбена единица располага со работни асистенти и тоа еден, двајца или тројца во зависност од степенот на интелектуалната потешкотија на лицата кои се згрижени во истата, односно во зависност од степенот на потребната поддршка. Од сместувачки аспект, во една станбена единица, односно заедница се сместуваат од 3-5 лица со различен степен на потешкотии, пол и

возраст со цел истата заедница да биде хетерегена како што е и едно просечно семејство.

Во 2008 година Министерството за труд и социјална политика со поддршка од иницијативата за ментално здравје–Будимпешта го отпочна процесот на деинституционализација на Специјалниот завод Демир Капија преку формирање на сервиси за поддржано домување во заедницата наменети за лицата со интелектуална попреченост во соработка со невладиниот сектор. За таа цел беа формирани првите служби за домување со поддршка во заедницата наменети за лицата со интелектуална попреченост со над 26- годишна возраст. Во овие сервиси сместени се вкупно 74 лица од предвидените 192 лица од Специјалниот завод Демир Капија.

***д) Заштитно вработување и работно ангажирање*** – Вработувањето, односно правото на работа на лицата со инвалидност е последна фаза од долгиот и сложен процес на нивна рехабилитација. Правото на работа во сите развиени земји во светот претставува едно од основните права на човекот. Меѓутоа правото на работа не треба да се сфати како право на било каква работа, туку на работа која одговара на способностите и квалификациите на човекот и право на работа со чие вршење човекот ја обезбедува својата егзистенција. Во изминативе неколку години во Република Македонија евидентирани се обидите за унапредување на положбата на лицата со попреченост во однос на нивното вработување како и преку промовирање на активни мерки и политики така и преку подобрување на законската регулатива. Владата на Република Македонија во *Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност* како посебна цел зацртува обезбедување на еднакви можности за работа и вработување на лицата со инвалидност со развој и примена на системски решенија кои се засноваат на потребите и способностите.

Со Законот за вработување на инвалидни лица се уредуваат посебните услови за вработување и работа на инвалидно лице. Законот предвидува мерки за подобрување на условите за вработување и работење како: доделување на неповратни средства за

вработување на непределено време на невработено инвалидно лице, адаптација на работното место, ослободување од даноци како и обезбедување на финансиска поддршка во работењето. Законот за вработување посебен акцент става врз заштитните друштва како сервиси за вработување. Заштитното друштво може да се заснова и да работи како сервис ако вработува најмалку десет лица на неопределено време од кои најмалку 40% се инвалидни лица од вкупниот број на вработени.

Според податоците на Заедницата на заштитни друштва на Македонија, во Република Македонија постојат 381 заштитни друштва во кои се вработени околу 7.841 лице од кои 3.365лица со различни видови на попреченост и вкупно 4.476 без попреченост (состојба заклучно со јуни 2013 година). Од друга страна, во Агенцијата за вработување на Македонија во 2012 година се евидентирани 2.034 невработени лица со попреченост од кои најголемиот дел се лица со интелектуална попреченост (нивниот број изнесува 760 лица). Истражувањата на пазарот на труд укажуваат дека во Република Македонија недостасуваат центри за работно оспособување и обука за работни вештинии за професии кои се актуелни на пазарот на труд. Во Република Македонија постои отсуство на организирани програми за префрлање на лицата со попреченост од заштитни работилници на работни места на отворениот пазар на труд. Поради непостоење на соодветни сервиси за поддршка во овој домен потребно е промовирање на моделот на поддржано вработување.

Промовирањето на поддржаното вработување на отворениот пазар на труд не значи дека заштитните друштва треба да исчезнат туку дека постои потреба од промена во визијата и мисијата на сите носители на акциите што се вклучени во процес на вработување. Заштитните друштва треба да се искористат за подготвување на лицата со интелектуална попреченост за трансформирање на отворениот пазар на труд. Кога станува збор за вработувањето кај лицата со интелектуална попреченост непходно е да се напомене и самиот процес на рехабилитација.

Во поширок смисол терминот „*рехабилитација*“, се однесува физичка и психолошка терапија , рана интервенција на работна обука и окупациона терапија. Најчесто процесот на рехабилитација во Република Македонија се спроведува во центрите за рехабилитација или медицинските центри преку одделенијата за рехабилитација. Од тие причини се смета дека е потребна рехабилитацијата во местото на живеење што во суштина означува пристап што ја комбинира физичката рехабилитација со медицинска грижа преку зајакнување и социјално вклучување (Rusk, 1999). Затоа е важно креирање на рехабилитациони служби во местото на живеење, проширување на програмите како и воведување на индивидуален пристап во работата, секојдневниот живот и вработувањето.

Позитивен пример за работно ангажирање на лицата со интелектуална попреченост претставува микропроектот „*Социјално вклучување на лица со посебни потреби во заедницата*“, кој се спроведува во Општина Неготино а е поддржан од страна на Министерството за труд и социјална политика, Институтот за човекови права Лудвиг Болцман, и локалната самоуправа, во соработка со бизнис секторот. Проектот има цел социјално да ги вклучи лицата со пречки во интелектуалниот развој, преку нивно активно и континуирано работно ангажирање. Притоа, во проектот се вклучени 20 лица со пречки во менталниот развој кои преку обука се оспособени и се ангажирани за собирање хартија и пластика во претходно поставени наменски контејнери лоцирани во градот Неготино. Проектот го промовира концептот на одржлив локален развој преку вклучување лица со пречки во менталниот развој во локалната заедница, нивно работно ангажирање во насока кон генерирање на одреден приход, како и заштита и зачувување на животната средина на локално ниво. Исто така, проектот го промовира концептот на партнерство помеѓу граѓанската организација, локалната самоуправа и субјект/и од деловниот сектор во насока кон решавање на значајни социјални прашања на локално ниво и обезбедување одржлив локален развој.

**Програми за лица со интелектуална попреченост**

Сè почесто се забележува голем развој на различни проекти и програми кои имаат за цел поддршка на лицата со интелектуална попреченост во заедницата. Проектите и програмите се состојат од различни активности за подобрување на целокупната состојба кај лицето, неговото семејство и зајакнување на неговата стабилност. Покрај отворањето на алтернативните сервисни служби како советувалишта, дневни центри, мали групни домови и заштитни работилници, проектите и програмите кои ги спроведуваат најчесто невладините организации и здруженијата на граѓани имаат важна улога во контрола врз сопствените ресурси кај лицата како и полесно управувањето со нив. Државите и невладините организации се почесто промовираат програми и проекти за поддршка на лицата и нивните семејства во секојдневниот живот. Пристапот недвосмислено се однесува на тоа дека лицата не треба да го напуштат домот во кој живеат туку доколку е потребно новата форма на помош треба да биде краткотрајна и обезбедена во местото на живеење. Може да се истакне дека програмите најчесто се однесуваат на програми за поддршка на лицата

Програмата за превенција од институционализација која се спроведува од страна на невладиниот сектор нуди поддршка на лицата со пречки во интелектуалниот развој кои живеат со своите родители. Целта на оваа програма е превенцијата кај лицата и нивно редовно вклучување во Дневните центри заради нивно оспособување за самостојно живеење или нивно сместување во програмата за домување со поддршка.

Една од програмите која се спроведува во работата со овие лица е програмата за самозастапување.Самозастапувањето значи лицето да проговори „*само за себе*“. Тоа е чин на правење избор и донесување одлуки, како и желба за промени во сопствениот живот при што е важен токму овој елемент на акција со која се настојува да се влијае врз постојната ситуација. Поимот е исклучително важен термин во движењето за правата на лицата со попреченост. Сите

луѓе, вклучувајќи ги и лицата со интелектуална попреченост, имаат право да донесуваат одлуки и да влијаат врз сопствениот живот. Ова значи дека иако имаат потреба од поддршка, овие лица имаат право на контрола врз сопствените ресурси и на личен пристап во управувањето со нив. Во суштина, самозастапувањето се однесува на правото на лицата со попреченост да донесуваат животни одлуки без влијание или контрола од други лица. Во програмата се обработуваат теми од секојдневниот живот со цел лицата да се стекнат со вештини за самоопределување и самозастапување, и со тоа активно да учествуваат во заштитата на сопствените права и подобрување на квалитетот на нивното живеење (Ѓорѓиевска, 2014).

Симболично се забележува и учеството на граѓанскиот сектор во спроведување на програми од областа на културата и спортот и рекреацијата. Така на пример, Специјалната Олимпијада на Република Македонија во иминативе години спроведува програми за организирање и оживотворување на спортска обука и натпреварувања во спортови од олимписки стил во текот на целата година, наменети за деца и возрасни со интелектуална попреченост, со цел да се обезбеди континуирана можност за интеграција и социјализација при тоа овозможувајќи да ја развиваат својата физичка кондиција. Исто така, во рамки на невладиниот сектор се спроведуваат и програми за посета на разни културно и рекреативни манифестации.

Инвестирањето во програми за поддршка на лицата со попреченост претставува една од насоките на социјалната политика на Советот на Европа. Со програмите се настојува за поголема социјализација и интеграција на лицата со попреченост.

## Заклучок

Од анализата на истакнатите реформски процеси во Република Македонија, може да се заклучи дека некогашната универзално декларирана социјална држава се ориентира кон: фаворизирање на услуги наместо парични трансфери, зголемено таргетирање на

корисниците наместо универзален пристап, условување на претходно универзалните парични трансфери, намалено државно нудење на услуги на сметка на зголеменaтa приватна иницијатива, тренд кон вклучување на локалните нивоа во администрирање на социјалната заштита, но со заддршка на цетрализираноста во собирањето и дистрибуирањето на фискалните ресурси и конечно намалување на дијапазонот на државни институционални капацитети и нудење дневни услуги примарно обезбедени од граѓанските и приватните понудувачи. Со новите реформски процеси се создаваат одредени радикални промени во доменот на социјалните сфера преку афирмирање на алтернативни сервиси за лицата со попреченост во нивното место на живеење.

Анализата на сервисите за лица со интелектуална попреченост во Република Македонија укажува дека евидентна е потребата од ширење на мрежата на социјалните сервиси за поддршка, како и збогатување на нивната содржина и унапредување на квалитетот на услуги. Во процесот на обезбедувањето на социјалните сервиси потребно е разработување на регулаторни механизми , тргнувајќи од мапирање на потребите на национално и локално ниво како и развивање на процедури за ориентација на корисниците во сервисните служби, лиценцирање и акредитација на обезбедувачите на сервисите како и развивање на стандарди за квалитет и процедури за финансирање. Од друга страна, граѓанскиот сектор кој обезбедува сервисни служби за лицата со интелектуална попреченост да бидат прифатени како рамноправни партнери на државата преку лиценцирање и склучување на договори за целосни финансирања на службите. Одржливоста на сервисните служби ( дневни центри, мали групни домови, живеење со поддршка ...) треба да биде обезбедена од страна на државата како главен носител на социјалната заштита. Тоа во суштина означува целосно финансирање на сите трошоци за функционирање на сервисните служби на здружението на граѓани, односно еднаков третман со државните сервиси кои Министерството ги финансира.

## Литература

Геровска –Митев. М (2008) „Врамување нова социјална политика"- Скопје, Friedrich Ebert Stiftiung

Група на автори (2008) „Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност"- Скопје, Филозофски факултет

Дамовски. А. (2014) „Предизвици и придобивки од политиката на УПТ : национални и меѓународни искуства " : необјавен магистерсти труд – Скопје, ИСРСП, Филозофски факултет

Доневска. М (2006) „Социјална работа во локална заедница"- Филозофски факултет, Скопје

Ѓоргиевска. С (2014) „Програма за самозастапување на Здружението Солем" Во: Дефектолошка теорија и практика бр. 4 год. 2014 стр. 36-38

Костов. С.( 2010) „Децентрализацијата наша цел"- Скопје

МТСП (2012) „Децентрализација на социјалната заштита: фактичка состојба, предизвици и можности на локално ниво"- Скопје

Пејковски.Ј (2008) „Социјален развој"-Скопје, Филозофски факултет

Ружин.Н (2006) „Современи системи на социјална заштита "-Скопје, Филозофски факултет

РЦПЛИП-ПОРАКА (2013) „Правата на лицата со интелектуална попреченост во РМ"-Скопје

Силјановска-Давкова, Митков. В. (2004) „Локална самоуправа"-Скопје, МАГОР

Степаноска. Е. (2012) „Лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост опфатени со формата живеење со поддршка": необјавен магистерски труд, -Скопје, Институт за дефектологија, Филозофски факултет

Тафчиевска. Д (2009) „Збирка македонски прописи за лицата со хендикеп"- Полио Плус

Anthony, W.A. (1993). Recovery from mental illness: The guiding vision of the mental health service system in 1990s. *Psychosocial Rehabilitation Journal,* 16, (4), 11-23 .Center for Psychiatric rehabilitation

Kubai. R. (1998) „Social services Decentralization and Municipal politics "- University of North Carolina at Chapel Hill

Piaget .J. (1986) „Psihologija inteligencije“- Zavod za udzbenike, Beograd
Robinson. N ( 2005) „The mentally retarded people“ - McCraw Nill , New York
Rusk. A.H. ( 1999) „Rehabilitacija“- SDDJ, Beograd